ВПУ Воспитно поправен дом Тетово, врз основа на член 67 став 1 ал.2, член 78 и член 79 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на ''РСМ" бр. 99/19 , 220/19 и 236/22) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас за унапредување на припадник на затворската полиција („Службен весник на Република Македонија" број 121/21) согласно Годишениот план за вработување за 2023 годнина во ВПУ Воспитно поправен дом Тетово бр.04-117/1 од 13.02.2023 година со позитивно мислење бр.09-1729/3 од 12.04.2022 година, како и Известување бр. 18-7492/2 од 27.07.2023 година од Министерството за финансии објавува.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВОСПИТНО ПОПРАВЕН ДОМ
Бр. 04-731/1
07-11- 2023 год.
ТЕТОВО

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БР. 1/2023

За унапредување на припадници на затворската полиција во ВПД Тетово

ВПУ Воспитно поправен дом објавува интерен оглас за унапредување на 2 (две) припадници на затворската полиција на следните работни места:

1. ЗАТ0204Г02001 Постар Затворски полицаец во затворска полиција – 2 извршители

**Општи услови:**

-да е државјанин на Република Македонија;
-активно да го користи македонскиот јазик;
-да е полнолетен;
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови :**

- ниво на квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити, според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование;
- најмалку пет години работно искуство во струката;
- да е психофизички способен за вршење на работите на затворска полиција.
- Да поседува соодветни општи работни компетенци потребни за работното место утврдени во актот за систематизација на работни места во установата.
- Да е оценет со оценка „ ОСОБЕНО СЕ ИСТАКНУВА" или „СЕ ИСТАКНУВА" при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое објавен интерениот оглас;
- Да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Распоред на работно време:**

- Распоред на работно време: **во смени**
- Работни часово неделно 40

**Основна нето плата** за работното место Постар затворски полицаец во затворска полиција 23,324,00 денари

**НАОПОМЕНА:** Предвидени унапредувања согласно годишниот план на институцијата за 2023 година

**Потребни документи :**

- Образец за пријавување на интерен оглас за унапредување( може да се подигне во архивата на ВПД с. Волковија секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот);
- Уверение за државјанство;
- Диплома за завршено образование;
- Лекарско уверение ( не постаро од шест месеци);
- Потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност ( не постара од шест месеци);
- Доказ за работно искуство;
- Копија од образец за оценување на припадници на затворска полиција од последната година на оценување;
- Потврда од работодавачот дека не му е изречена дисциплинска мерка;
- Потврди од обуки (доколку ги поседува) како:

-Посетител на обука,
-Обучувач на обука,
-Како ментор за успешно реализирано менторство.

По објавениот интерниот оглас, припадниците на затворската полиција вработени во истата установа поднесуваат пријава на образец за пријавување на интерен оглас за унапредување во затворска полиција до установата, во писмена форма преку архивата на ВПУ Воспитно поправен дом с. Волковија до организационата единица за управување со човечки ресурси.

Заради докажување на исполнување на општите и посебните услови за работните места, кандидатите за унапредување, кон пријавата приложуваат докази во оргинал или заверени на нотар за исполнување на условите за работните места, издадени од надлежни органи.

**Наопомена,** - Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка;

**Рок за пријавување :** 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот.

**Рок за вршење на избор :**

- Административната селекција за унапредување во затворска полиција се спроведува од страна на Комисија за селекција за унапредување на припадник на затворската полиција во рок од пет дена од денот по завршување на интерниот оглас.
- Интервјуто на кандидатите за унапредување кои ја поминале фазната административна селекција, се спроведува од страна на Комисија за селекција за

унапредување на припадник на затворската полиција во рок од пет дена по завршување на административна селекција.

Огласот ќе биде објавен на огласната табла во ВПУ Воспитно поправен дом Тетово и во електронска форма на веб страната на Управата за извршување на санкциите.

**Директор на ВПУ/ВПД Тетово**

Даниел Антоски

**П Р И Ј А В А**
**ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС НА ПРИПАДНИК НА ЗАТВОРСКАТА ПОЛИЦИЈА**

1. Податоци за интерниот оглас :

-Број на интерниот оглас ______________________________

-Реден број на работното место за кое се пријавува ______________________________

2. Лични податоци за кандидатот

-Име ______________________________

-Презиме ______________________________

-Вработен на работно место ______________________________

-Контакт телефон и е-маил ______________________________

3. Образование:

-Институција ______________________________

-Насока ______________________________

-Датум и број на диплома ______________________________

-Додипломски труд од областа ______________________________

______________________________

-Степен за образование или стекнати кредити според ЕКТС

IV, VI, VII/1, VA 60-120 кр., VI A-240кр., VI Б-180 кр.

-Постдипломски труд од областа

4. Податоци за исполнување на посебните услови:

5. Работно искуство

- Податоци за работно искуство......................години, месеци...................................

-Движење на службата........................................................................................

6. Моментално работно место
ниво..............................................................................................................

7. Податоци за работното место на припадникот на затворската полиција во последните две години пред објавувањето на интерниот
оглас..............................................................................................................

8. Назив на работното место за кое се пријавувам

..............................................................................................................

9.Познавање на странски јазици
-.................................. јазик Основно Средно Одлично

-.................................. јазик Основно Средно Одлично

10. Способност за работа со компјутер:

Познавање на компјутерски програми и вештини

..............................................................................................................

11. Податоци за оценување во последната година пред објавување на интерниот оглас

..........................................................

12. Податоци за изречена дисциплинска мерка една година пред објавување на интерен
оглас..........................................................

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во образецот за пријавата за унапредување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе достави доказ во оригинал или копија заверена кај нотар.
Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување и кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Дата Подносител на пријавата

__________________ ________________________